

Заштитник на градинарите и на лозарите

(Имenden празнуваат: Трифун, Трајан, Трајко...)

Момчето што на 17- годишна возраст со Божја помош ја излекува царската ќерка Гордана која што не можеше да ја излекува ниту еден лекар во империјата се стекна со голема слава и настрада на 21-годишна возраст, но остана во споменот на целиот христијански православен свет како поим за младост и доследност на христијанските традиции. Подоцна за свој покровител го зеле градинарите, лозарите и меанџиите.

Светиот маченик Трифун е роден околу 225 година во Кампсада, во малоазиската област Фригија, во близината на градот Апамија. Неговите родители биле христијани и уште рано кај него ја поттикнале љубовта кон Христовата вера. Во детството чувал гуски, но уште тогаш се истакнал со исцелителска способност. Со Божја помош лечел болни од разни болести и од луѓето ги бркал лошите демони. За неговите чуда се раскажувало во целата империја поради што бил викнат во Рим кај царот Гордијан, кого што во тоа време го снашла голема несреќа, бидејќи ќерка му Гордана се разболела од душевна болест и не можел да ја излечи ниту еден лекар во империјата. Во еден момент нечистиот дух од неа проговорил дека никој не може да го избрка освен Трифун. Најпосле, по Божја промисла во Рим пристигнало и младото, 17-годишно момче од Кампсада, кое што за кусо време ја излечило царската ќерка и се стекнало со уште поголема слава. Од царот било дарувано со многу дарови кои на враќање им ги разделило на сиромасите.

Свети Трифун со маченичка смрт умрел за време на царот Деције кога бил вршен голем прогон на христијаните. Од обласниот римски царски намесник по име Аквилин бил повикан да дојде во Никеја каде што било седиштето на обласната управа и му било

предложено да се откаже од Исус и на римските богови да им принесе жртви. Трифун го одбил тоа поради што бил многу мачен. Бил обесен на дрво и тепан со прачка, потоа бил врзан за опашката од коњот и влечен низ полето, а кога и со тоа не го заплашиле го осудиле да му биде пресечена главата со меч. Но пред да биде извршен тој чин, додека војниците го воделе надвор од градот Трифун се молел на Бога да му ја земе душата и кога дошле на местото за егзекуција тој ја предал душата пред мечот на џелатот да падне на неговиот врат. Тоа се случило на 14/1 февруари 248 година (според други во 250 година), кога имал само 21 година.  Локалните верници го погребале на своите гробишта, но тој им се јавил на сон и посакал да биде погребан во своето село. Оваа желба му била исполнета и подоцна моштите му биле пренесени во неговото родно село.

Меѓу поголемите празници кои македонскиот народ ги празнува со многу обичаи спаѓа и свети Трифун, празник главно познат по обредното закројување на лозјата. Едни го сметаат за последен од зимските, а други за прв од пролетните празници. Во некои краишта на Македонија како што се Охрид и Прилеп празникот е познат и како свети Трипун (или Триун) - пијаница. Како што забележале собирачите на македонските народни умотворби но и на народните обичаи и верувања, тој бил покровител на меанџискиот еснаф, но и заштитник на лозарите и градинарите. Се верувало дека тој ги штити лозјата и градините од разни штети и несреќи (болести, инсекти, градоносни облаци и сл.), поради што луѓето го славеле и во негова чест изведувале многу интересни обичаи.

Свети Трифун се празнува на  14 февруари според новиот (или на 1 сечко според стариот) календар. Во повеќе краишта на Македонија на овој ден рано наутро се одело во црквата каде што попот пеел молитва и светел вода. Од оваа вода за која се смета дека со осветувањето е ослободена од сите негативни демони и има лековита моќ, луѓето земале во шишиња и ги прскале лозјата при што го изведувале и обредното закројување. Во Скопско, како што забележал М. Кратовалиев, во запис од минатиот век, на тој ден по црквите крштевале вода, и од таа вода секој селанин си носел по лозјата заедно со пепел. Во лозјето ќе турел  малку од пепелта и ќе полеел од крстената вода. Водата ја поливал за да има бериќет, а пепелта за да „испрхнува“, т.е. да бидат поголеми зрната на гроздовите. Потоа закројувале по неколку лозинки, по што седнувале, се гоштевале и правеле големи веселби.

Вакви обичаи од Скопско во минатиот век забележал и К. Шапкарев кој запишал и обичаи од Струга каде што, исто така, се прославувал овој празник. К. Шапкарев сведочи дека во Струга Св. Трифун на потсмев го викале „Триун пијаница” и го сметале како претседател и покровител на градинарството и лозарството, бидејќи ги чувал градинарските сеидби и лозјата од пакосните инсекти кои ги уништувал. „За време на тој ден уште од рано, со истата цел, градинарите повикуваат еден свештеник, да освети

вода во градината и после со неа ги поросува посевите, кога истовремено ќе ги прочита соодветните молитви кон Св. Трифун, за да ги истреби од градината сите пакосни подземни и надземни инсекти од каков и да било вид. А пак лозарите и тие со иста цел, уште од зора, секој оди во своето лозје, и во секое лозје, колку ги има искаструва по неколку пенушки. Тоа се вика зарежвење“.

Во селото Фотовица, Неврокопско, како што стои во еден запис од минатиот век објавен во цариградскиот весник „Новини”, по отпуштањето од црквата секое семејство земало во шише од светената (пејана) вода, земале и леб, храна, вино и ракија и оделе во лозјето. Откако домаќинот ќе го попрскал со светана вода лозјето застанувал на едниот негов крај, а друг член на семејството застанувал на другиот крај. Тогаш домаќинот ќе викнел: „Дедо Трифоне, каде си?” Другиот, кој бил легнат меѓу лозите за да не се гледа одговарал: „Чуја, Чуууја!”. Ова се повторувало три пати по што домаќинот ќе речел: „Не мога да те вида од црни бели гроздаци.” Потоа извикнувал „Дедо Трифонеее! Ела да јадем и да пием!” На тоа другиот му одговарал: „Чуја, чуја! Ето, ето!” Двајцата доаѓале во средината на лозјето каде што одрежувале една лоза, потоа втора одрежувале на едниот крај и трета на другиот крај. Во средината на лозјето ископувале дупка длабока две до три педи, во неа го ставале шишето со останатата светена вода и го закопувале. Тоа го правеле за да го заштитат лозјето од градобијни облаци. Кога со тоа ќе завршеле ставале трпеза на која членовите на целото семејство јаделе, пиеле и се веселеле до доцна вечерта.

Во Банско пак, според записот на браќата Молерови на свети Трифон децата оделе во градината од лозницата, каде што јаделе пржени јајца и викале: „Куку Трифонеее, не мога да те здогледам од црни бели гроздишча като мојте бутовишча!” Тоа го правеле за да роди лозата обилно.

Според записите од поново време на З. Делиноколова, во Радовиш рано наутро во црквата во бакарен казан „арнија” крштевале „трипунска вода” од која потоа земале во шишиња и ја чувале во текот на целата година, за здравје. Со оваа вода ги прскале лозјата и нивите за бериќет или во случаите кога ќе се појавела некоја болест по нивите. По завршувањето на службата во црквата целиот народ заедно со попот и певците оделе во полето каде што во некое лозје по прочитувањето на молитвите попот го попрскувал лозјето со светена вода и закројувал три лози со благословот „Дај боже бериќет”. Пресечените лози пак ги потурале со вино и со ракија. Бидејќи овој ден се сметал за меанџиски празник во Радовиш на „в. Трифун се пиело без пари по меаните. Оној што најповеќе ќе се опијанел и ќе се валкал по земјата бил избиран за „цар на пијаниците” и ова признание го носел преку целата година.

Во Куманово, исто така според понови записи што ги направил В.  Николов, членовите на лозарскиот еснаф од своите редови избирале кум кој „ќе сече колач” за празникот. Колачот го месела домаќинката на кумот од пченично брашно. На празникот рано наутро еснафот заедно со попот излегувал надвор од градот кај лозјата („Лојзарско место”) каде што попот светел масло, крштевал вода, а потоа го сечел колачот од кој секој земал по едно парче и го јадел како нафора. Потоа за адет закројувале по неколку лози и ги попрскувале со вино и со ракија. Тука јаделе, пиеле и се веселеле со свирки и тапани. Притоа и се тркалале низ лозјата за така и бочвите да се тркалаат полни со вино. Очигледно дека се работи за имитативната магија, верувањето дека сличното произведува слично.

Според верувањата во Гевгелиско, што ги запишал С. Тановиќ, Свети Трифун бил винар и имал многу лозја. Поради тоа што овој крај се наоѓа на југ и пролетта побргу се чувствува се сметало дека од овој празник почнува да мирисa на лето па се велело: „Свети Трифун сече ама на лето мирисе”. Од овие причини, на овој ден се започнувала работа во полето, особено во лозјата и бавчите. Жените пак на овој ден ништо не работеле особено избегнувале работа со игла. Попладнето оделе во полето каде што береле зелје зашто се верувало дека на тој ден треба да се касне зеленило.

На иконата св. Трифун е претставен или со сорче за режење на лози или  со наметка како чувар на гуски.

Обичаите и верувањата поврзани со овој празник упатуваат на заклучок дека во неговата основа лежи некој голем претхристијански празник поврзан со првите пролетни активности, пред се со обработката на градините и лозјата. **(Подготви Марко Китевски)**